Ст.бр.12/2024

Р.

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО, и тоа стечајниот судија Илјаз Исмаили, решавајќи по предлогот поднесен од предлагачот – доверител – Дарко Јовановски од Пробиштип, за отворање на стечајна постапка над должникот ИНДБУС ИНТЕРНЕШЕНЕЛ ЕООД Перник, Бугарија, Подружница во Кичево, по одржаната расправа, во присуство на полномошник Адвокат Божидар Миноски од Кичево на предлагачот - доверителот и времениот стечаен управник Јосип Димитровски од Битола, на рочиштето одржано на ден 27.05.2024 година донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот ИНДБУС ИНТЕРНЕШЕНЕЛ ЕООД Перник, Бугарија, Подружница во Кичево, Македонија, со седиште: ул. „Булевар Ослободување" бр.47 Кичево со ЕМБС 7186118 и ЕДБ 4043017521948, основано 25.02.2017 година, со приоритетна дејност 29.10 Производство на моторни возила, со трансакциска сметка со број: 200003139343494 при Стопанска Банка АД Скопје, СЕ ОТВАРА стечајна постапка. Стечајната постапка не се спроведува и се ЗАКЛУЧУВА.

По правосилноста на решението Централен регистар РК Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението, Стопанска банка АД Скопје да ја згасне трансакциската сметка на должникот а доколку има средства на нив, истите да ги префрлат на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот – доверител – Дарко Јовановски од Пробиштип, поднесе предлог за отворање на стечајна постапка над должникот ИНДБУС ИНТЕРНЕШЕНЕЛ ЕООД Перник, Бугарија, Подружница во Кичево, Македонија, заради неможност да го наплати побарувањето што го има од должникот.

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 27.05.2024 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, односно дека на сметката должникот е блокирана повеќе од 45 дена.

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ бр. 12/2024 од 27.05.2024 година.

Стечаен судија,
Илјаз Исмаили

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на ова решение преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

ДНА: Предлагачот – доверител преку полномошник Адвокат Божидар Миноски од Кичево, должникот, стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ РК Гостивар и Стопанска Банка АД Скопје.